Република Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

декември, 2018 година

СОДРЖИНА:

1. ПРОГРАМИ.....3
2. ПЛАН ЗА РАБОТА.....6

1. ПРОГРАМИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) во 2019 година ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели утврдени во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на ВРМ во 2019 година (Сл. Весник на РМ бр. 84/18) и стратешките приоритети и цели на АПРЗ. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од нашата мисија и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на визијата на АПРЗ и на утврдените индикатори на успешност.

Во годишниот план за работа се креирани следниве програми:

Програма: СОВЕТИ

Цел на Програмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги за ЗС во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.

Програмата е во функција на поддршка во креирање на современи совети кои при практична примена резултираат со:

- одржливо и профитабилно земјоделско производство;
- зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, повисок стандард и квалитет на живеење;
- зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;
- надминување на традиционалниот пристап и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството;
- интеграција во ЕУ;
- развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој;
- зачувување на животната средина;
- подобрување на знаењата и вештините кај земјоделците.

Реализацијата на програмата резултира со следните потпрограми:

- **Потпрограма 1**: подобрени знаења и вештини на земјоделците за растително и сточарско производство
- **Потпрограма 2**: воведување и спроведување на врстената сообразност во земјоделските активности кај ЗС во руралните средини

- **Потпрограма 3**: имплементација на систем за е-советодавни услуги и информирање
- **Потпрограма 4**: поддршка во реализција на ЕУ и владините програми (ИПАРД, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, и сл.)

Истото резултира со следните активности:

- Перманентно присуство на советодавците на терен;
- Постојана размена на информации помеѓу советодавецот и ЗС;
- Изработка на соодветни анализи, кои се користат за дефинирање конкретни препораки за одделни области на земјоделското производство;
- Едукација на ЗП преку обуки, работилници, предавања, практично показни активности и сл. кои се изведуваат индивидуално или во групи;
- Имплемантација на нови технологии и методи во земјоделското производство;
- Организирање на средби и манифестации за презентација на земјоделските производи за подобрување на нивниот пласман;
- Систем за евидентирање на контакти и дадени совети;
- Едукативна и информативна кампања за искористување на претпристапните фондови на ЕУ - ИПАРД;
- Спроведување на Владини мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програмата за органско земјоделско производство и др.;
- Дисеменација на податоци од и до ЗС;
- Ефикасно користење на податоците во системот за потребите на СУ од страна на вработените во АПРЗ;
- Следење и детерминација на проблеми на терен, кај земјоделските производители;
- Изработка на анализи со препораки за конкретни фарми и здружување на ЗП;
- Изработка на СП за конкретни проблеми за познати корисници во одделните области: сточарство, поледелство, лозаро–овоштарство, градинарство, агроекономија, информации и маркетинг;
- Функционирање на специјализирани работни групи;
- Меѓуинституционална соработка;
- Поддршка во креирање и спроведување на развојни проекти со изработка на технички предлог проекти и бизнис планови;
- Надградба на советодавните капацитети;
- Соработка со научно-наставни институции;
- Обуки и практично-показни активности на терен кај земјоделци;
- Поддршка на фарми за отпочнување на бизнис со нетрадиционално и органско производство;

- Зголемен број на фарми корисници на проекти на средства од домашни и меѓународни фондови.

Програма: СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ НА ФАРМА/ФАДН

Цел на Програмата: Одржување континуитет во прибирање и внесување на податоци од репрезентативни фарми во Р. Македонија.

Програмата е во функција на реализација на системот за прибирање на сметководствени податоци од ЗС (Сл.весник 110/07, 53/11) која е усогласена со активностите на МЗШВ за воспоставување квалитетен и одржлив систем од сметководствени податоци за фарма вклучувајќи ги и регулативите на европскиот ФАДН.

Функционирањето на ФМС/ФАДН во АПРЗ овозможува реализација на активности за прибирање на сметководствени податоци од ЗС;

Реализацијата на програмата резултира со следните потпрограми:

- **Потпрограма 1**: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН

Активностите на оваа потпрограма одат во насока на континуитет и одржливост на прибирање и внес на податоци од избраните фарми.

Програма: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ (АДМИНИСТРАЦИЈА)

Цел на Програмата: Подобрено управување, развој, следење и евалуација на ресурсите.

Програмата е во функција на поддршка и логистика во остварување на приоритетите и целите на АПРЗ, со институционално зајакнување во областите земјоделство, економија, евроинтеграциските процеси и креирање на советодавен капацитет адекватен на потребите за современи совети кои при практична примена резултираат со квалитетно и профитабилно земјоделско производство:

- Унапредување на квалитетот на јавните услуги;
- Развој на информатичките системи и технологии;
- Транспатентост во работењето.

Реализацијата на програмата резултира со следните потпрограми:

- **Потпрограма 1**: Зајакнување на административниот капацитет

- **Потпрограма 2**: Надградба на ИКТ системот
- **Потпрограма 3**: Формално - правна консолидација и имплементација

Реализацијата на програмата треба да резултира со:

- Проток и обработка на информации и документација;
- Одржливи информациски системи;
- Функционална база на податоци за ЗС;
- Електронска комуникација помеѓу дирекција - сектори, одделенија, работни единици;
- Функционирање на Законот за финансиско управување и контрола;
- Функционирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- Функционирање на Стратегијата за ризик;
- Ажурирана WEB страна;
- Контролни системи за квалитет и квантитет на активностите;
- Систем за квалитет во управувањето ИСО 9001
- Функционални координативни работни групи по специјалности;
- Функционално Стратешко тело;
- Присуство на советодавците на терен;
- Систем за мониторинг и евалуација на дадена СУ;
- Информациски систем за информирање и комуникација со ЗС
- Систем за човечки ресурси;
- Дисперзирани канцеларии;
- Системи за следење, оценување и мотивираност на вработените;
- Контакти со јавноста и медиумите;
- Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Оптимално користење на расположивите ресурси - опрема, објекти и оптимизација на режиски трошоци.

2. ПЛАН ЗА РАБОТА

А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

ПРОГРАМА: СОВЕТИ
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата во 2019 година: **Стратешки приоритет:** Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните. **Приоритетни цели:** – зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; – надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството.
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа: – трансфер на знаења кај ЗП во насока на остварување на профитабилно, конкурентно и пазарно ориентирано земјоделско производство; – креирање и испорака на СУ од областа на растителното и сточарското производство; – развој на систем за информирање и комуникација со ЗС – учество во креирање и спроведување на СУ поддржани од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој (ПФПРР); – учество во креирање и спроведување на СУ поддржани од ИПАРД програмата; – поддршка во изработка на деловни планови и технички предлог проекти на секој апликант; – поддршка при унапредување на заштитата на животната средина во процесот на земјоделското производство.
Цел на програмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги за ЗС во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.
Показатели за успешност: – навремена информираност со опфат 50.000 ЗС, – воспоставена редовна соработка со 4.000 земјоделци,

– обезбедени СУ на стручна тема по специјалност кај 1.500 земјоделци, – изработени технички предлог проекти и/или бизнис планови за 500 баратели

ПОТПРОГРАМА 1: Подобрени знаења и вештини на земјоделците за растително и сточарско производство		
Цел на потпрограмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги по специјалности за ЗС		
Показател за успешност: Подобрени знаења и вештини на земјоделците по специјалности, вклучително и во специфични области, со оптимално искористување на природните ресурси.	**Појдовна основа:** Воспоставување на соработка со 20 ЗС на ниво на советодавец	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – Обезбедени СУ на стручна тема по специјалност кај 1.500 земјоделци, – 10% застапеност на родовата еднаквост

Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Примена на подобрени производни практики, технологии и иновации во растителното земјоделско производство	Индивидуално советување на ЗС со најмалку три непосредни контакти со носителот на ЗС или со од него овластен член, од кои најмалку две се посети на ЗС	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	380.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор
примена на подобрени производни практики, технологии и иновации во сточарското земјоделско производство	Индивидуално советување на ЗС со најмалку три непосредни контакти со носителот на ЗС или со од него овластен член, од кои најмалку две се посети на ЗС	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	380.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА 2: Воведување и спроведување на вкрстената сообразност во земјоделските активности кај ЗС во руралните средини		
Цел на потпрограмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги за воведување на вкрстена сообразност кај ЗС		
Показател за успешност: Број на фарми со примена на технологии и агротехнички мерки препорачани од страна на советодавците на АПРЗ, според листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.	**Појдовна основа:** Договор за соработка со АФПЗРР, Правилник за листа на посебни минимални услови за ДЗП и ЗЖС	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – извршен мониторинг на 650 ЗС, – одржани 30 групни јавни средби, – 10 настапи на ТВ, – 5 написи во печатени медиуми, – 30 објави на интернет страна

Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Мониторинг на корисниците на финансиска поддршка од ИПАРД Програмата по однос на почитување на посебните минималните услови за добра земјодлеска пракса и заштита на животната средина	Индивидуално советување за вкрстена сообразност со посета на ЗС	450	200	/	/	200.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор
Усогласеност со барањата за вкрстена сообразност и	Групно советување за вкрстена сообразност со организирање на	/	10 групни средби	10 групни средби	10 групни средби	200.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на

употреба на методи на добра земјоделска и еколошка пракса во земјоделско производство кои овозможуваат зачувување на квалитетот на почвата, водата и воздухот	јавни средби						сектор
Информирање на пошироката јавност за принципите на вкрстената сообразност и потребата за усогласување на ЗС	Масовно советување и информирање за вкрстена сообразност преку електронски и печатени медиуми, веб портал на АПРЗ	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	Н/П	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА 3: Имплементација на систем за е-советодавни услуги и информирање							
Цел на потпрограмата: Употреба на електронски средства за информирање како метод за масовно советување							
Показател за успешност: Број на евидентирани корисници, број на СМС пораки креирани и испорачани, број на објавени информации и советодави материјали на веб страната		**Појдовна основа:** Креирана база на корисници, Постоечки веб портал кој редовно се надградува			**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – 2.000 нови евидентирани корисници (земјоделци). – 50 СМС пораки креирани и испорачани – објавени 60 информации и 12 советодави материјали на веб страната – за 10% зголемена посетеност на веб страната		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**					
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**

Систем на евиденција и комуникација со ЗС по пат на СМС информирање	Креирање и испорака на СМС пораки, Евиденција на нови корисници	по потреба контин-уирано	по потреба контин-уирано	по потреба контин-уирано	по потреба контин-уирано	100.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор
Виртуелен центар за СУ	Редовно ажурирање на веб страната со објавување на новости, поставување на советодавни материјали и др. информации	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	100.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА4: Поддршка во реализција на ЕУ и владините програми (ИПАРД, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој)							
Цел на потпрограмата: Учество во спроведување на Националната Програма за РР и ИПАРД Програмата							
Показател за успешност: Навремена информираност, директна помош и поддршка на баратели на финансиска поддршка		**Појдовна основа:** Активности условени од објавување на јавни повици од страна на АФПЗРР		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – информирање со опфат на 50.000 ЗС, – директна поддршка на 1.500 ЗС баратели со подготовка на апликативен пакет со изработка на деловен план / технички предлог проект			
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Поддршка во реализација на Програмата за финансиска	Информативни средби, Административна	контин-уирано по	контин-уирано по	контин-уирано по	контин-уирано по	100.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на

поддршка во руралниот развој	помош и поддршка	објавен ЈП	објавен ЈП	објавен ЈП	објавен ЈП		сектор
Поддршка во реализација на ИПАРД програмата	Информативни средби, Административна помош и поддршка	контин-уирано по објавен ЈП	контин-уирано по објавен ЈП	контин-уирано по објавен ЈП	контин-уирано по објавен ЈП	100.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПРОГРАМА: СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ НА ФАРМА/ФАДН
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата: Република Македонија - членка на НАТО и Европската унија.
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа: – исполнување на обврска согласно Законот за ФАДН и Годишниот договор за прибирање на сметководствени податоци од ЗС
Цел на програмата: Одржување континуитет во прибирање и внесување на податоци од репрезентативни фарми во Р. Македонија.
Показатели за успешност: – Прибрани и внесени податоци од 700 ЗС

ПОТПРОГРАМА1: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН							
Цел на потпрограмата: Спроведување на обврски согласно Законот за ФАДН							
Показател за успешност: Прибрани и внесени податоци од ЗС			**Појдовна основа:** Закон за ФАДН, Склучен Годишен договор со МЗШВ		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Прибрани и внесени податоци од 700 ЗС		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**					
		Квартал	**Квартал**	**Квартал**	**Квартал**	**Финансиски**	**Организациски**

		1	2	3	4	средства	облик/лице
Регулирање на правата, обврските и одговорностите за спроведување на ФАДН системот	Склучување годишен анекс на договор со МЗШВ за прибирање на сметководствени податоци од репрезентативни ЗС согласно Законот за ФАДН	Склучен договор				Н/П	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор
Прибирање на сметководствени податоци на ниво на ЗС	Прибирање на податоци со посета на избрани ЗС	I посета	II посета	III посета	IV посета	892.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор
Евиденција на податоци во специјален софтвер	Внес на прибраните податоци од ЗС во електронска форма	I внес	II внес	III внес	IV внес	Н/П	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПРОГРАМА: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ (АДМИНИСТРАЦИЈА)
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните. Република Македонија - членка на НАТО и Европската унија.
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа: – Имплементација на дефинираните системи од Функционално-организационата анализа во насока на зајакнување на капацитетите;

– Обезбедување на непречен проток на информации и документација и развој на ИС; – Функционирање на координативните групи; – Практицирање на финансискиот систем според видови на активности; – Спроведување на реформскиот процес со силна институционална поддршка, согласно Владините препораки; – Систем за квалитет во управувањето.
Цел на програмата: Подобрено управување, развој, следење и евалуација на ресурсите.
Показатели за успешност: Дефинирање, ревидирање и примена на интерни акти како поддршка во реализација на програмата, склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање, овозможена надградба на советодавниот капацитет, усогласување и хармонизација на правните акти

ПОТПРОГРАМА 1: Зајакнување на административниот капацитет на АПРЗ							
Цел на потпрограмата: Оптимизација на работните процеси и развој на човечките ресурси							
Показател за успешност: Број на вработени административни службеници, број на обуки на вработените.			**Појдовна основа:** Годишен план за вработување за 2019		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** 30% зголемување на бројот на вработени 5% унапредување на бројот на вработени 5 генерички обуки по вработен 2 специјализирани обуки по вработен		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Годишен план за вработување (ГПВ)	Изработка и усвојување	ревидирање на ГПВ за 2019	изработка на ГПВ за 2020				Одделение за човечки ресурси
Годишен план за обуки (ГПО)	Изработка и усвојување	усвојување	реализација	реализација	изработка на	100.000	Одделение за човечки ресурси

					ГПО за 2020		

ПОТПРОГРАМА 2: Надградба на ИКТ системот							
Цел на потпрограмата: Зголемена ефективност и ефикасност на работните процеси							
Показател за успешност: Развој и имплементација на ИКТ решенија за поддршка на работните процеси			**Појдовна основа:** Анализа на состојба на ИКТ опрема		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Обновена хардверска опрема Апдејтирање на постоечки софтверски решенија		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Годишен план за ИКТ	Изработка и усвојување	реализација	реализација	реализација	реализација		Сектор за правни и општи работи Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА 3: Формално - правна консолидација и имплементација		
Цел на потпрограмата: Спроведување на законски и подзаконски акти		
Показател за успешност: Организирање на интерни средби за планирање и реализација на годишни планови, извршени теренски контроли, објавени постапки за јавни набавки, учество на меѓуинституционални	**Појдовна основа:** Законодавно правна рамка, Годишни извештаи	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – 24 интерни работни средби – 20 теренски контроли – 10 постапки за јавна набавка

состаноци					– 40 учество на надворешни состаноци		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна стратегија за управување со ризици	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишен план за евиденција и реализација на режиски трошоци	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација	3.338.000	Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна пресметка и исплата на плати	Месечни пресметки и исплата на плати	реализација	реализација	реализација	реализација	50.220.000	Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна програма за јавни набавки	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација	2.450.000	Сектор за правни и општи работи / Раководител на сектор
Годишна програма за внатрешна	Подготовка, усвојување и	подготовка и	реализација	реализација	реализација		Одделение за внатрешна

ревизија	реализација	усвојување					ревизија
Мониторинг и евалуација	Теренски контроли	континуирано	континуирано	континуирано	континуирано	60.000	Сектор за ЗиРР / Раководител на сектор
Интервентни активности и меѓуинституционална соработка	Учество на состаноци	континуирано	континуирано	континуирано	континуирано	120.000	Сектор за ЗиРР / Раководител на сектор

Б. Иницијативи на органот на државната управа утврдени во Годишната програма за работа на Владата

Иницијатива	Временска рамка за подготвување					
	Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице
Измена и дополнување на Законот за основање на АПРЗ	подготовка					Директор
Набавка на нови моторни возила		поднесено барање				Директор

В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Спроведување на планот за јавни набавки						
Показател за успешност: Спроведени 10 јавни набавки						
Активност	**Временска рамка за извршување**					
	Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**

Спроведување на јавна набавка за стоки	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	1.200.000	Одделение за општи и правни работи / Јован Ангелевски
Спроведување на јавна набавка за услуги	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	1.250.000	Одделение за општи и правни работи / Јован Ангелевски

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Спроведување на планот за вработување						
Показател за успешност: 30 нови вработувања и реализација на 5% унапредување на вработени						
Активност	**Временска рамка за извршување**					
	Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
Реализација на постапки за вработување согласно Годишниот план за вработување	реализација	реализација				Одделение за човечки ресурси / Љупчо Лозановски

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Донесување на подзаконски акти и други акти						
Показател за успешност:						
Активност	**Временска рамка за извршување**					
	Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
Ревидирање на Правилникот за функционирање и работа на Стратешкото тело	реализација					Директор
Измена и дополнување на Статутот на АПРЗ	реализација					Директор
Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места		реализација				Директор

Измена и дополнување на Актот за внатрешна организација		реализација				Директор
Измена и дополнување на Функционалната анализа	реализација					Директор
Измена и дополнување на Правилникот за за формирање, функционирање и надлежност на координативните групи	реализација					Директор

Бр.___-____/__
__.12.2018 година
Б и т о л а

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

Директор,

_____

Elgafar Jusufi, с.р.